БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

**НАЦИОНАЛНО ОЦЕНУВАЊЕ
НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ**

ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ
ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

# СТАНДАРДИ НА ПОСТИГАЊА ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2004

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**

## ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

# СТАНДАРДИ НА ПОСТИГАЊА ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

*Автори:*
**М-р Горица Мицковска**, советник
**Бојана Нацева**, советник
**Голубина Ѓеорѓиевска**,советник
**Лилјана Ѓорѓиоска**, советник

**Членовите на работната група за Стандарди за граѓанско образование**

*Проектот е поддржан од:*

Биро за развој на образованието

USAID

Catholic Relief Services

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.312.61:342.7(497.7)

Стандарди на постигања за граѓанско образование: национално оценување на постигањата на учениците: граѓанско образование во одделенската настава: / [автори Горица Мицковска... и др.]. – Скопје: Биро за развој на образованието, Одделение за оценување, 2004. – 47 стр.; 21 см

ISBN 9989–939–43–8

1. Мицковска, Горица
а) Граѓанско образование – Одделенска настава – Оценување – Македонија – Стандарди

COBISS.MK-ID 59633930

# СОДРЖИНА

1. ПОТРЕБА ОД ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИ ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ 5

2. КОЈА Е НАМЕНАТА НА СТАНДАРДИТЕ 8

3. ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ 10
- 3.1. Мерење на постигањата 11
  - *3.1.1. Изработка на испитна програма* 11
  - *3.1.2. Изработка на ајтеми (тест-задачи)* 11
  - *3.1.3. Мерење на постигањата на учениците и утврдување на емпириските стандарди* 12
- 3.2. Поставување на априорни (експертски) стандарди 12
- 3.3. Ревидирање на претходните процени 13
  - *3.3.1. Информирање за релативната тежина на ајтемите и преиспитување на процените* 13
  - *3.3.2. Информирање за емпириските постигања и преиспитување на процените* 14
  - *3.3.3. Утврдување на стандардите* 14
- 3.4. Опис на нивоата на стандардите 15

4. СТРУКТУРА НА СТАНДАРДИТЕ 16

5. ОПШТ ОПИС НА НИВОАТА НА СТАНДАРДИТЕ НА ПОСТИГАЊА 17

6. ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА И ЦЕЛИ 19

7. ОПИС НА СТАНДАРДИТЕ ПО НИВОА И ПОДРАЧЈА 25
- Минимум стандард 25
- Доволен стандард 27
- Висок стандард 31

8. ПРИМЕРИ НА АЈТЕМИ ПО НИВОА НА СТАНДАРДИТЕ 35

# 1

# ПОТРЕБА ОД ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИ ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Промените во образованието, што особено се интензивни во последниве години, имаат за цел да се подигне *квалитетот* во различните аспекти на образованието, но, пред сè, се очекува сите тие напори да резултираат со *повисок квалитет во постигањата* на учениците. Во тие процеси особено се инсистира образованието да биде базирано на стандарди како најсоодветен начин за постојано следење на работата и постигањата што е основа за постојано подигање на квалитетот. За да можат сите учесници во образовниот процес (како и пошироката јавност) да имаат подеднакво гледање на постигањата на учениците, потребно е тие јасно и прифатливо да се опишат.

Со таа цел се изготвуваат и *стандардите* за постигањата на учениците во *одделенската настава* во основното образование[1].

*Стандардите претставуваат прифатени*[2] *описи на нивоата на квалитет и квантитет на знаењата што се очекува учениците да ги достигнат на крајот на определен период на образование.*

[1] Во 2001 година се изготвени стандарди на постигања по македонски јазик, по албански јазик и по математика како дел од Националното оценување на постигањата на учениците во одделенската настава, а во 2004 стандардите за граѓанското образование во одделенската настава

[2] Предложени се од пошироки експертски групи и донесени се со решение на министерот за образование и наука.

Во основа, постигањата на учениците се определени со секоја наставна програма. Во програмите е определено она што учениците треба да знаат и да можат, како резултат од усвојувањето на содржините што програмата ги предвидува. Во однос на ваквите определби во наставните програми, стандардите претставуваат конкретизирање и диференцирање на постигањата по нивоа. Токму ваквото конкретизирање и диференцирање овозможува објективно и валидно гледање на постигањата на учениците и го олеснува нивното мерење и вреднување.

Со програмските документи за основното образование се поставени и цели за развојот на учениците кои тешко можат да се сврзат за еден определен наставен предмет. Такви се целите и содржините што се однесуваат на граѓанското образование. Тие во програмските документи за одделенската настава се поместени во делот на општите цели на основното образование и во целите и содржините по одделни наставни предмети (најчесто општество и мајчин јазик). Од 1998 година, со цел да се зајакне граѓанското образование во одделенската настава, се реализира и посебна програма „Основи на демократијата" во која, исто така, се поставени цели што се однесуваат на познавање и разбирање на основните концепти во граѓанското образование: Одговорност, Авторитет, Правда и Приватност и на користењето на тие знаења во секојдневното однесување на учениците во семејството, училиштето и пошироката заедница. Се очекува наставниците, и училиштето како целина, да настојуваат учениците да ги учат и оспособуваат за живеење во демократско граѓанско општество низ сите наставни и вонннаставни активности во училиштето, како и низ создавање на соодветна демократска култура во училиштето. Некои цели што припаѓаат во доменот на граѓанското образование се постигнуваат и низ реализацијата на други проекти во одделенската настава особено во проектите: „Игри за разрешување конфликти" и „Правата на децата".

Од таквата поставеност на граѓанското образование уште е понагласена потребата за изработка на стандарди за

постигањата на учениците во граѓанското образование затоа што не постои друг систематски начин за следење на постигањата во ова подрачје што е многу важно за земја во транзиција каква што е Македонија. Големата слобода во изборот на содржините и во методичките приоди во граѓанското образование, исто така, ја наметнуваат потребата од експлицитно определување и вреднување на постигањата во граѓанското образование.

Отпочнувањето на Националното оценување на постигањата на учениците во одделенската настава, во чии рамки ќе се изготвуваат стандарди за сите наставни предмети и/или подрачја во одделенската настава, е уште една причина за изготвување на стандарди на постигања во граѓанското образование што ќе овозможат прифатливо вреднување на постигањата во ова подрачје.

# 2

# КОЈА Е НАМЕНАТА НА СТАНДАРДИТЕ

Стандардите како основа за утврдување на постигањата на учениците ќе можат да се користат од различните субјекти заинтересирани за состојбите во воспитно-образовната дејност.

Тие се наменети, првенствено, за Националното оценување во одделенската настава, кое опфаќа сукцесивни мерења (тестирања) што ќе се спроведуваат на крајот на образовниот циклус со цел да се обезбедат показатели за *постигањата на учениците на ниво на државата во однос на поставените стандарди.* Односно, тоа ќе обезбедува показатели за тоа колку резултатите добиени при таквите мерења се поклопуваат или отстапуваат од прифатените стандарди. Доследното повторување на одредени состојби во достигнувањето на стандардите, ќе биде показател за потребата од задржување на постојната практика или за внесување промени. Промените во постигнатоста на стандардите на следните тестирања, ќе укажат на *ефикасноста* на *преземените мерки* за подобрување на претходно констатираните состојби.

Описите на нивоата на постигањата дадени во стандардите ќе им овозможат на училиштата и на наставниците да ја проценуваат состојбата и да ги вреднувуаат постигањата на нивните ученици[3], а со тоа и ефектите од сопствената работа. Ваквата процена и вреднување ќе го наведат

[3] Притоа треба да се има предвид дека стандардите се на ниво на државата и со нив не може директно да се вреднуваат постигањата на училиштата, без да се имаат предвид специфичните фактори што влијаат на нив.

наставникот да преземе активности за кои очекува да доведат до позитивни промени во постигањата на учениците.

*За родителите и за пошироката јавност* стандардите ќе претставуваат средство што ќе им помогне подобро да ги разберат очекувањата од учениците во областа на граѓанското образование и да ги вреднуваат постигањата во училиштата.

Состојбите во постигањето на стандардите на ниво на државата, се очекува да ги наведат *одговорните фактори* да преземат мерки (соодветен избор на содржини, начини и средства за стручно усовршување, промени во наставните програми, наставните методи, организацијата и раководењето на училиштата и сл.) што ќе условат позитивни промени кон поголем степен на постигнатост на стандардите за постигања во граѓанското образование.

Националните стандарди ќе можат да се споредат со слични *стандарди од други земји*[4] или со *меѓународни стандарди* изготвени во рамките на меѓународните мерења на постигањата на учениците во кои можеби во иднина ќе учествува и нашата земја.[5]

[4] National Assessment Governing Board, NAEP Civics: Civics Framework for the 1998 National Assessment of Educational Progress, U.S. Department of Education, Washington.

[5] На пр., во Civic Education Study, IEA.

# 3

# ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ

Стандардите за постигањата на учениците по *граѓанско образование* на крајот на одделенската настава се добиени со *комбинација* на *експертски* (*априорен*) и *емпириски* (*статистички*) приод.

Со експертскиот (априорниот) приод се добиени судови од страна на група експерти (советници, наставници, родители) за *потребното* и *очекуваното* ниво на постигањата во граѓанското образование.

Со емпирискиот (статистичкиот) приод се добиени показатели што претставуваат ниво на *актуелната состојба* во постигањата на учениците (во мерењето на постигањата во граѓанското образование извршено во 2004 година).

Определбата за *комбиниран* приод во добивањето на страндардите, го одреди и начинот на нивното изготвување, што се одвиваше во неколку фази.

Ваквиот приод опфаќа три фази: (1) поставување претходни експертски стандарди, (2) мерење на постигањата и емпириско утврдување на стандардите на постигањата и (3) поставување стандарди како резултат на усогласување на експертските очекувања и емпириските показатели за постигањата.

# 3.1. МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА

## 3.1.1. ИЗРАБОТКА НА ИСПИТНА ПРОГРАМА

Група експерти (одделенски наставници, советници за одделенска настава и советници од Одделението за оценување) најнапред изработија испитна програма за мерење на постигањата на учениците од одделенската настава во граѓанското образование.

При изготвувањето на испитната програма се појде од општите цели на основното образование и одделенската настава, наставните програми за одделенска настава, целите во програмата „Основи на демократијата“. Врз основа на нив се поставени експертските процени за содржината на мерењето на постигањата на учениците од одделенската настава во граѓанското образование. Притоа се имаше, пред сè, предвид за тоа што може да биде измерено со задачи од типот молив – хартија[6].

Испитната програма содржи попис на подрачја и на кумулативни цели во рамките на секое подрачје што се однесуваат на постигањата на учениците на крајот на одделенската настава.

## 3.1.2. ИЗРАБОТКА НА АЈТЕМИ (ТЕСТ-ЗАДАЧИ)

Членовите на експертските групи за мерење на постигнатоста на секоја од целите изработија по повеќе ајтеми (тест прашање/задача) со настојување да бидат со различна тежина (лесни, средно тешки и тешки). Изготвени се околу 300 ајтеми. Во мерењето во 2004 година се искористени 112 од кои половината беа користени и во преттестирањето

[6] Засега во ваквите мерења се користат само тестови от типот молив–хартија, пред сè, од финансиски причини.

2003 година, што беше извршено на примерок ученици од пилот–училиштата во проектот „Граѓанско образование“.

### 3.1.3. МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ЕМПИРИСКИТЕ СТАНДАРДИ

На крајот на мај 2004 година извршено е мерење на постигањата на учениците во граѓанското образование на репрезентативен примерок ученици од IV одделение во одделенската настава во основните училишта во Македонија.

Податоците се обработени и по исклучувањето на тест–задачите со лоши психометриски карактеристики, постигањата се прикажани на *скали на постигања* за секое програмско подрачје одделно.

Со тестирањето се добиени резултати што укажаа на тежината на секој од ајтемите во тестот. На скалите на кои беа прикажани постигањата по подрачја тест–задачите се подредени според процентот на решеност, односно според тежината: од најлесни до најтешки. На нив се, исто така, прикажани клучните пресеци што ги определуваат трите нивоа на стандардите: минимум – задачи што ги решиле 90% од учениците, доволен – задачи што се решени од 75% од учениците и висок – задачи што се решени од 10% ученици.

Тоа се, всушност, постигнатите *емпириски стандарди*.

## 3.2. ПОСТАВУВАЊЕ НА АПРИОРНИ (ЕКСПЕРТСКИ) СТАНДАРДИ

Независна експертска група од 15 лица (одделенски наставници од училишта со различни карактеристики, советници за одделенска настава и родител) од кои повеќето не беа вклучени во изготвувањето на тест–задачите, работеше на поставување на стандардите.

Прво е прифатен општ опис на стандардите на три нивоа на постигања, во кој нивоата се определени преку квалитетот и квантитетот на знаењата во однос на можностите што ги даваат за натамошното изучување на граѓанското образование и преку очекувањата за бројот на учениците што можат да го достигнат[7].

Врз основа на општиот опис на стандардите на три нивоа на постигања: минимум, доволен и висок, секој член на работната група, според сопственото искуство и процена на потребите и можностите на учениците, го класифицираше секој ајтем во едно од трите нивоа. Потоа, процените на поединечните членови на групите беа споредени. Процените за ајтемите кај кои постоеше потполна усогласеност, се прифаќаа како ајтеми за испитување на постигнатоста на нивото. За ајтемите за кои постоеше неусогласеност, секој член го образложуваше својот став и ја агрументираше својата процена. По оваа дискусија секој член, повторно, за секој ајтем, направи нова процена.

Изборот на ајтемите за секое ниво на постигања во даденото подрачје, претставуваше *априорно поставување на стандардите* за постигањата на учениците во тоа подрачје.

## 3.3. РЕВИДИРАЊЕ НА ПРЕТХОДНИТЕ ПРОЦЕНИ

### 3.3.1. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА РЕЛАТИВНАТА ТЕЖИНА НА АЈТЕМИТЕ И ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ПРОЦЕНИТЕ

Во оваа фаза од изготвувањето на стандардите, на експертската група прво ѝ е прикажан распоредот на ајтемите според нивната тежина во спроведеното тестирање, но без

[7] Општиот опис на стандардите е даден на стр.17.

податоци за процентот на решеност. Врз основа на овие сознанија секој член на групата прво поединечно ја преиспитуваше својата првична процена за тежината на секој ајтем, односно за нивото на стандардот на кој треба да му припаѓа. Потоа тоа го дискутираше со членовите на групата. Врз основа на тоа секој член самостојно постави граници на секое ниво од стандардите.

## 3.3.2. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЕМПИРИСКИТЕ ПОСТИГАЊА И ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ПРОЦЕНИТЕ

Во оваа фаза членовите на експертската група добија информации за вистинските постигања на учениците во мерењето со податоци за решеноста на секој ајтем. Јасно беа означени емпириските граници на стандардите: задачи што ги решиле 90%, 75% и 10% ученици.

Емпириските показатели за постигањата секој поединечно ги спореди со претходно поставениот стандард и повторно го преиспита сопственото очекување. Секој член индивидуално повторно постави три нивоа на стандардите означувајќи го местото на скалата што претставува граница меѓу стандардите. Врз основа на овие вредности се пресметани аритметичките средини за границите меѓу нивоата на стандардите, како и стандардните девијации.

## 3.3.3. УТВРДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ

Добиените вредности им се прикажани на членовите на експертската група и тие дискутираа дали вредностите им се чинат прифатливи. Особено се дискутираа ајтемите што беа близу да граничните вредности. На крајот групата решаваше за прифаќање на границите меѓу стандардите.

Така за секое подрачје се определени оние места на скалата каде завршува едното, а почнува следното ниво на постигање, односно целите што се очекува да ги постигнат

учениците од соодветното ниво, а не ќе можат да ги постигнат учениците од пониското ниво.

Поставените стандарди за сите нивоа и за сите подрачја во граѓанското образование се значително повисоки од постигањата на учениците во мерењето во 2004 година. Најголеми се разликите меѓу поставеното и достигнатото ниво во минимум и во доволниот стандард.

Членовите на експертските групи се определија за вакви нивоа ценејќи што навистина треба да се очекува од децата во граѓанското образование за тие да се оспособат за живот во демократско општество и имајќи предвид дека во мерењето на постигањата во пилот–училиштата во 2003 година постигањата беа повисоки. Тие, исто така, сметаа дека повисоките стандарди повеќе ќе придонесат за вложување на напори за подобрување на реализацијата и покачување на постигањата во граѓанското образование.

## 3.4. ОПИС НА НИВОАТА НА СТАНДАРДИТЕ

Определувањето на ајтемите според нивоата овозможи за секое подрачје од испитната програма да се направи детален *опис* на секое од трите нивоа на постигањата на учениците. Овие описи се однесуваат на *квантитетот и на квалитетот* на усвоеноста на содржините и постигнатоста на целите од подрачјето.

**Ваквите описи претставуваат стандарди со кои ќе се споредуваат постигањата на учениците во граѓанското образование во мерењата во иднина.**

Ученикот ќе достигне одреден стандард ако ги задоволи поставените барања, односно ако успешно ги реши задачите (ајтемите) со кои се мери постигањето на тоа ниво на усвоеноста на содржините.

Тие, исто така, ќе служат како ориентир за тоа што се очекува да постигнат одделни групи ученици во граѓанското образование на крајот на одделенската настава.

# 4

# СТРУКТУРА НА СТАНДАРДИТЕ

Стандардите се структурирани така што прво е даден општ опис на нивоата на стандардите. Потоа е даден опис на подрачјата и целите што се мерат во секое подрачје. За секое од трите дефинирани нивоа на стандардите е даден детален опис на знаењата, разбирањето и вештините од секое подрачје што се очекува да ги имаат учениците што го постигнале определеното ниво. На крајот се дадени примери на ајтеми што мерат знаења и способности од секое од подрачјата и секое од трите нивоа на постигања.

# 5

# ОПШТ ОПИС НА НИВОАТА НА СТАНДАРДИТЕ НА ПОСТИГАЊА

Стандардите за постигања на учениците во граѓанското образование на крајот на одделенската настава се определени преку описот на квалитетот и квантитетот на знаењата и преку очекувањата за бројот на учениците што се цени дека треба и можат да ги достигнат[8].

Определени се три нивоа на постигања.

## МИНИМУМ СТАНДАРД

Глобално, минимум стандард претставува најниско ниво на постигнатост на целите што се оценуваат. Ги опфаќа најосновните знаења, способности и умеења во граѓанското образование што им се потребни на сите деца на крајот на одделенската настава.

Ова ниво треба да го постигнат најмалку 90% од учениците.

## ДОВОЛЕН СТАНДАРД

Глобално, доволен стандард претставува средно ниво на постигнатост на целите што се оценуваат. Ги опфа–

[8] Наведените проценти за бројот на учениците што се очекува да го достигнат секое од нивоата се однесуваат за очекувањата на ниво на државата. Доколку се работи за достигнатост на стандардите на ниво на училиштето се очекуваат значителни разлики меѓу училиштата како резултат на влијанијата на различни фактори.

ќа знаењата, способностите и умеењата во граѓанско-то образование што треба да ги поседуваат децата на крајот на одделенската настава.
Ова ниво треба да го постигнат околу 75% од учениците.

## ВИСОК СТАНДАРД

Глобално, висок стандард претставува највисоко ниво на постигнатост на целите што се оценуваат. Ги опфаќа знаењата, способностите и вештините во граѓанското образование што можат да ги стекнат само дел од децата на крајот на одделенската настава.
Ова ниво можат да го постигнат околу 10% од учениците.

# 6

# ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА И ЦЕЛИ

Во граѓанското образование во одделенската настава учениците учат за основните концепти во граѓанското општество: Одговорност, Авторитет, Правда и Приватност и за нивната примена во однесувањето во семејството, училиштето, во локалната заедница и во државата.

Подолу, за секое од следниве содржински подрачја:

- Семејство;
- Училиште;
- Локална заедница;
- Држава;

поконкретно се дадени знаењата, способностите и умеењата што се мерат.

## СЕМЕЈСТВО

Концепт **Одговорност:**

- колку учениците можат да ги идентификуваат и објаснат одговорностите и правата на членовите во семејството;
- колку умеат да ги проценуваат начините на однесување што произлегуваат од правата и одговорностите во семејството.

Концепт **Авторитет:**

- колку учениците ги препознаваат и умеат да ги објаснат и проценат правилата во семејството и да составуваат едноставни семејни правила;
- колку ги препознаваат различните ситуации на користење на авторитет во семејството.

Концепт **Правда:**

- колку учениците можат да препознаат, анализираат и решат ситуации сврзани со различни проблеми на праведност во семејството;
- колку умеат да анализираат придобивки и цени од исполнување и неисполнување на своите права и должности во семејството.

Концепт **Приватност:**

- колку учениците можат да идентификуваат ситуации во кои е потребна соработка меѓу членовите на семејството и во кои се почитуваат или не се почитуваат нивните интереси;
- колку умеат да го објаснат правото на приватност во семејството и да опишат соодветно однесување во различни ситуации поврзани со приватноста.

## УЧИЛИШТЕ

Концепт **Одговорност:**

- колку учениците можат да ги идентификуваат и да ги објаснат правата и одговорностите во училиштето и да ги проценат начините и правата што од нив произлегуваат;
- колку умеат да ги објаснат придобивките и цените од исполнување и неисполнување на одговорнос–

тите во училиштето и да донесат разумни одлуки за исполнување на одговорностите во одделни ситуации во училиштето.

Концепт **Авторитет:**

- колку учениците ги познаваат, умеат да ги објаснат и да ги проценат правилата во училиштето и да составуваат едноставни училишни правила;
- колку ги препознаваат ситуациите на користење и злоупотреба на авторитет во училиштето;
- колку знаат да ги именуваат лицата што раководат со училиштето и да препознаваат некои карактеристики што треба да ги поседуваат.

Концепт **Правда:**

- колку учениците ги знаат своите права и должности во училиштето, можат да препознаат, анализираат и решат ситуации поврзани со различни проблеми на праведност во училиштето;
- колку можат да идентификуваат ситуации на постоење на разлики во училишната средина и да ги прифатат како нормални, да ја препознаваат важноста на меѓусебното разбирање и соработката и колку се подготвени да прифатат мирољубив начин на решавање на конфликт.

Концепт **Приватност:**

- колку учениците можат да го објаснат правото на приватност во училиштето и да опишат соодветно однесување во ситуации поврзани со приватноста во училиштето;
- колку умеат да објаснат ситуации во кои приватноста им е значајна, да проценат и да бранат став во врска со сопствената приватност во училиштето.

## ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

Концепт **Одговорност:**

- колку учениците умеат да ги идентификуваат и да ги објаснат основните одговорности и права на граѓаните во локалната заедница;
- колку можат да ги објаснат придобивките и цените од исполнувањето и неисполнувањето на одговорностите во локалната заедница и да донесат разумна одлука во врска со исполнувањето на одговорностите во одделни ситуации.

Концепт **Авторитет:**

- колку учениците умеат да објаснат зошто се потребни правила во локалната заедница и да ги познаваат основните правила за безбедност;
- колку ги препознаваат авторитетите во локалната заедница и ги препознаваат ситуациите во кои се употребува и злоупотребува авторитетот.

Концепт **Правда:**

- колку учениците можат да објаснат зошто треба да се одговара ако се прекрши некое правило во локалната заедница и да проценат праведно одговарање на прекршок;
- колку можат да препознаат разлики меѓу луѓето во локалната заедница и да ги прифатат како нормални, колку умеат да анализираат и да проценуваат праведност на решавање на проблеми во локалната заедница.

Концепт **Приватност:**

- колку учениците можат да го објаснат правото на приватност на граѓаните во локалната заедница и да опишат однесување што е соодветно во различни ситуации поврзани со приватноста;
- колку ги идентификуваат ситуациите во кои е потребна соработка меѓу луѓето во локалната заедница и да умеат да опишат ситуација во која се почитуваат интересите на луѓето во локалната заедница.

## ДРЖАВА[9]

Концепт **Одговорност:**

- колку учениците ги познаваат основните правила во државата и одговорностите на граѓаните во државата и колку можат да заземат став во врска со нивното почитување.

Концепт **Авторитет:**

- колку учениците можат да ги идентификуваат основните карактеристики и симболи на државата;
- колку можат да ги идентификуваат основните институции на власта во државата, нивните функции и да препознаат нивна употреба и злоупотреба.

Концепт **Правда:**

- колку учениците ги познаваат основните права на децата и граѓаните на Република Македонија;

[9] Во подрачјето Држава не е проверувана ниту една цел од концептот Приватност, затоа што се процени дека е премногу сложено разбирањето на приватноста на така генерално ниво.

- колку умеат да идентификуваат постоење разлики меѓу луѓето во државата и да го објаснат значењето на меѓусебното разбирање и соработка;
- колку познаваат праведни начини за донесување на одлуки на ниво на државата.

# 7

# ОПИС НА СТАНДАРДИТЕ ПО НИВОА И ПОДРАЧЈА

## МИНИМУМ СТАНДАРД

- Во подрачјето **Семејство** ученикот постигнал минимум стандард доколку:
  - може да наброи неколку свои одговорности во семејството;
  - знае да ги наведе основните семејни правила и соодветните начини на однесување што од нив произлегуваат;
  - ги препознава правата на родителите во однос на децата што произлегуваат од нивната позиција на родители;
  - ги препознава ситуациите во семејството кога (треба да) се споделуваат обврски (права, придобивки) и знае праведни начини на нивно споделување;
  - препознава дека во определена секојдневна ситуација во семејството е потребна соработка меѓу членовите на семејството;
  - може да каже како некој од членовите на семејството се чувствува кога не се почитува неговата приватност;
  - може да опише соодветен начин на однесување на детето во семејството кога сака да ја зачува приватноста во однос на другите деца.

- Во подрачјето **Училиште** ученикот постигнал минимум стандард доколку:
  - ги препознава основните обврски на ученикот сврзани со учењето и почитување на редот во училиштето;
  - знае кој раководи со работата на паралелката и со работата на училиштето;
  - ги препознава основните обврски на наставникот сврзани со поучувањето на учениците и раководењето на паралелката;
  - го препознава гласањето како начин за праведно донесување одлуки во паралелката за прашања важни за учениците;
  - препознава права во врска со вклучување во одделни активности на сите ученици (пр., одење на екскурзија) без оглед на успешноста во учењето;
  - препознава соодветен начин на реагирање на конфликтна ситуација за миројубиво да се реши конфликтот;
  - препознава соодветно однесување на учениците во ситуации кога треба да се почитува приватноста на учениците.

- Во подрачјето **Локална заедница** ученикот постигнал минимум стандард доколку:
  - знае дека постојат сообраќајни прописи кои треба да ги почитува секој жител на локалната заедница;
  - може да објасни зошто треба да се одговара ако се прекрши сообраќајно правило;
  - ги идентификува институциите или лицата одговорни за безбедноста во локалната заедница;
  - идентификува одговорности поврзани со чистата животна средина во локалната заедница и може да објасни какви се придобивките од чистата средина;

– ги идентификува службите во локалната заедница задолжени за превенција од заболувања и грижа за здравјето на луѓето;

– умее да анализира и процени одлуки за праведно решавање на проблемите на децата во локалната заедница.

- Во подрачјето **Држава** ученикот постигнал минимум стандард доколку:

  – ги знае државните симболи (боите на знамето и насловот на химната);

  – знае дека Скопје е главен град на Р. Македонија;

  – ги идентификува институциите во државата кои се грижат за безбедноста на граѓаните и ги знае нивните основни функции (АРМ и полиција);

  – го познава основното право за учење на мајчин јазик;

  – знае дека граѓаните имаат право да бидат вработени и умее да процени почитување на критериум за вработување според квалификациите;

  – воочува постоење на разлики (национални, според интерес, изглед, религија) меѓу луѓето и врши избор на другари кој е заснован на заеднички интереси, а не на национални, полови или религиски основи.

## ДОВОЛЕН СТАНДАРД

Ученикот покрај достигнатиот минимум стандард, постигнал доволен стандард доколку:

- во подрачјето **Семејство:**

  – идентификува нова одговорност добиена во семејството;

– може да ги процени начините на однесување во ситуација кога се прифаќа нова одговорност во семејството и придобивките и цените од таквиот избор;

– препознава должности добиени во семејството и ги разликува од должностите што потекнуваат од други извори;

– може да определи приоритет на одговорности во семејството и да го објасни;

– идентификува семејни правила;

– може да анализира ситуација сврзана со проблеми на праведно однесување на родителите кон децата;

– умее да опише и објасни соодветно однесување на родителите во ситуации кога децата прекршиле некое семејно правило;

– може да предложи соодветно решение за ситуација во семејството во која различни членови на семејството имаат различни потреби и интереси;

– препознава ситуација во семејството во која е потребна соработка меѓу децата и умее да изнејде соодветен начин на однесување;

– може да објасни определено однесување од областа на приватноста со правото на приватност;

– може да препознае ситуација во која родителите имаат право да ја ограничат приватноста на децата;

- во подрачјето **Училиште:**

  – може да ги наброи основните права и должности на учениците кои се сврзани со одржување на редот во училиштето;

  – умее од основните права во училиштето да извлече соодветни одговорности;

- умее да објасни зошто треба да се почитуваат обврските што ги дава наставникот во врска со учењето;
- препознава кој треба да одговара за направен прекршок во училиштето;
- препознава ситуации на соодветна употреба на авторитет од страна на наставникот во училиштето;
- препознава ситуации на злоупотреба на авторитет од страна на учениците;
- разликува праведна од неправедна распределба на нештата во училиштето;
- препознава и прифаќа меѓусебни разлики меѓу учениците;
- може да објасни соодветно однесување во ситуации во кои меѓусебното почитување на приватноста на учениците во училиштето е значајна;
- препознава и умее да објасни ситуации во училиштето кога правото на приватност на учениците треба да се ограничи;

- во подрачјето **Локална заедница:**
  - умее да објасни зошто се потребни правила во локалната заедница (правила за безбедност, за зачувување на животната средина и имотот во локалната заедница, правила во болници, амбуланти) и ги знае последиците од непочитувањето на овие правила;
  - препознава ситуации во кои авторитетите во локалната заедница не се однесуваат еднакво кон сите граѓани во спроведувањето на правилата;
  - ги идентификува основните одговорности што тој /таа како дете ги имаат во локалната заедница;
  - идентификува кој е одговорен во ситуации каде што последиците од неодговорното однесување се видливи;

- знае кој раководи со општината;
- ги познава основните правила за безбедно движење по улиците и умее да објасни какви последици може да предизвика непочитувањето на сообраќајните правила;
- препознава ситуации на постоење на разлики меѓу луѓето поврзани со половата припадност и знае дека и двата пола имаат еднакви права и умее да ја процени праведноста на решавање на проблем кој произлегува од непочитувањето на правата на жените или децата;
- препознава постоење на различни мислења меѓу луѓето и умее да анализира и процени предложен начин на решавање на проблем кој произлегол од различните мислења;
- идентификува ситуации во кои е потребна соработка меѓу луѓето во локалната заедница, понекогаш и во ситуации каде што може да биде и нарушена приватноста;

- во подрачјето **Држава:**
  - ги познава основните права на децата;
  - умее да идентификува однесување или постапки кои би значеле злоупотреба на правата на децата или погрешно толкување;
  - познава праведни начини за донесување на одлуки во некои ситуации на ниво на државата (пр., составување државни тимови за натпревари или избор на претставници на државата надвор од Македонија);
  - ги знае најважните државни празници (8 Септември и 2 Август) и причината зошто тие се прогласени за државни празници;
  - знае дека пратениците се бираат на избори;

– умее да препознае непочитување на правила и прописи од страна на носителите на функции на власт во државата и разбира зошто тоа не е дозволено;

– воочува постоење на разлики меѓу луѓето во однос на традиции поврзани со верата и националноста и умее да објасни зошто тие треба да се почитуваат и од останатите.

## ВИСОК СТАНДАРД

Ученикот покрај достигнатиот доволен стандард, постигнал висок стандард доколку:

- во подрачјето **Семејство:**
  - умее да објасни придобивки од одговорното однесување на децата во семејството;
  - умее да состави правило сврзано со однесувањето на децата во семејството;
  - умее да состави правило што се однесува на безбедноста во семејството;
  - може да наведе придобивки и цени од почитување на авторитет (одлуки на родителите) во решавањето на одделен проблем во семејството;
  - умее да предложи соодветно праведно однесување на родителите кон децата (во ситуации кога тие различно се однесуваат кон исполнување на своите одговорности);
  - умее да анализира ситуации во кои (не) се почитуваат интересите на одделни членови на семејството;
  - умее да објасни ситуации во кои се ограничува правото на приватност на децата во семејството за да се приберат докази;

- во подрачјето **Училиште:**
  - препознава спротивставени училишни и вонучилишни одговорности;
  - умее да објасни зошто е потребно да се знае кој е одговорен за направен прекршок во училиштето;
  - умее да објасни ситуации на неисполнување на преземени одговорности од страна на учениците во училиштето и знае кои се цените од таквото однесување;
  - умее да анализира ситуација во која треба да се прифати нова одговорност во училиштето;
  - разликува училишни правила од други видови на регулатива (наредби, закони и забрани);
  - умее да објасни причини заради кои се донесени одделни правила што важат во училиштето;
  - препознава битни особини што треба да ги поседуваат лицата кои раководат во училиштето;
  - препознава ситуација на злоупотреба на авторитет во однос на оценувањето од страна на наставникот;
  - може да објасни ситуации на злоупотреба на авторитет од страна на учениците и да предложи начини за подобрување на позицијата на авторитет;
  - препознава битни критериуми за праведна распределба на нештата во училиштето (според способности, потреби, интереси и заслуги);
  - прифаќа меѓусебни разлики меѓу учениците и умее да изнајде соодветни начини на однесување и во конфликтни ситуации;
  - умее да предложи соодветни начини на соработка на учениците за успешно завршување на заедничка работа;

– може да објасни придобивки и цени во ситуации сврзани со одбрана на правото на приватност во меѓусебните односи на учениците;

– објаснува ситуации на почитување на правото на приватност на учениците од страна на наставникот;

– објаснува соодветно однесување на учениците кога е во прашање почитување на правото на приватност на учениците од страна на наставникот;

- во подрачјето **Локална заедница:**

  – препознава проблеми кои се решаваат на локално ниво;

  – умее да анализира и процени праведно донесување на одлука во локалната заедница;

  – умее да објасни зошто треба да се одговара ако се уништува непосредната околина (пожари, сечење дрвја во парковите, уништување на имотот во локалната заедница);

  – идентификува ситуации во кои соработката меѓу луѓето е потребна заради унапредување на локалната заедница;

  – препознава проблеми кои потекнуваат од секојдневното живеење на луѓето во локалната заедница и анализира и проценува одлуки за праведно решавање на проблемот;

  – умее да објасни придобивки и цени од исполнувањето и неисполнувањето на обврски во локалната заедница и умее да донесе разумна одлука во врска со одговорноста во ситуации кога некој е спречен или заради друга обврска не може да ја исполни обврската во локалната заедница;

  – знае дека тајното гласање во процесот за избор на градоначалник служи за да се заштити приватноста и можноста за слободно изразување на мислењето;

- во подрачјето **Држава:**
  - ја знае основната функција на Собранието на Република Македонија;
  - знае да наведе барем една функција на претседателот на државата (врховен командант на оружените сили, ја претставува државата во светот, именува амбасадори, потврдува закони, помилува затвореници);
  - препознава последици од неодговорното однесување и од непочитувањето на правилата и прописите од страна на носителите на функции на власт во државата;
  - умее да наведе една карактеристика заради која Скопје е главен град на Република Македонија (седиште на барем една институција на власта);
  - знае од кои права произлегуваат обврските за децата;
  - воочува постоење на разлики меѓу децата во однос на способностите и ги прифаќа другите деца во паралелката и во училиштето.

# 8

# ПРИМЕРИ НА АЈТЕМИ ПО НИВОА НА СТАНДАРДИТЕ

## МИНИМУМ СТАНДАРД

- **Семејство**

**Пример 1:**

- *Може да опише соодветен начин на однесување на детето во семејството кога сака да ја зачува приватноста во однос на другите деца.*

Билјана и нејзината сестра се во нивната соба. Телефонот заѕвони. Се јавила другарката на Билјана. Билјана сака насамо да разговара со својата другарка.

**Што треба да стори Билјана за да разговара насамо по телефон?**

➢ ***Одговор:***
(Постапка што обезбедува приватност)

*Пр.* *Да отиде во друга просторија.*
*Да ја замоли сестрата да излезе.*
*Да ја замоли другарката да се јави подоцна.*

**Пример 2:**

*- Ги препознава ситуациите во семејството кога (треба да) се споделуваат обврски (права, придобивки) и знае праведни начини на нивно споделување.*

Во семејството Митеви, секој помага што може. Маја ги мие садовите. Мајката готви ручек. Таткото ја поправа славина–та. Горан ги средува фиоките со книги.

**Што поделиле во семејството?**

- (А.) обврските
- Б. правата
- В. придобивките

## • Училиште

**Пример 1:**

*- Ги препознава основните обврски на наставникот сврзани со поучувањето на учениците и раководењето на паралелката.*

**Која од наведените работи Е НАЈВАЖНО наставникот да ја извршува?**

- А. да одржува ред во училницата
- Б. да одржува родителски состаноци
- (В.) да ги учи учениците

**Пример 2:**

*- Ги препознава права во врска со вклучување во одделни активности на сите ученици (пр., одење на екскурзија) без оглед на успешноста во учењето.*

Училиштето организира научна екскурзија.

**Кој може да оди на екскурзијата?**

- А. само мирните ученици
- Б. само одличните ученици
- (В.) сите ученици

## • Локална заедница

**Пример 1:**

*- Знае дека постојат сообраќајни прописи кои треба да ги почитува секој жител на локалната заедница.*

Сообраќајниот полицаец го запре возачот кој возеше 80 км на час, а на знакот пишуваше 40 км.

**Зошто полицаецот го запрел возачот?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Затоа што го прекршил сообраќајното правило.*

**Пример 2:**

*- Ги идентификува институциите или лицата одговорни за безбедноста во локалната заедница.*

Пред училиштето често се случуваат сообраќајни несреќи. На улицата нема знак дека во близина се наоѓа училиште.

**Кој е одговорен да постави таков знак?**

А. граѓаните што живеат во близина

Б. директорот на училиштето

(В.) службите во општината

## • Држава

**Пример 1:**

*- Го познава основното право за учење на мајчин јазик.*

Наставничката во IV одделение им задала задача на децата секое да напише едно од **основните права на децата во нашата земја**. Потсети се кои се правата на децата.

**Кое од следниве деца навистина напишало некое од основните права на децата?**

А. **Ана:** Имам право да не одам во училиште ако не сакам.

(Б) **Лирија:** Имам право да учам на мојот мајчин јазик.

В. **Сара:** Имам право да работам за да заработам пари.

Г. **Тамара:** Имам право на час да зборувам кога сакам.

**Пример 2:**

*- Знае дека граѓаните имаат право да бидат вработени и умее да процени почитување на критериум за вработување според квалификациите.*

На оглас за прием на еден работник се бара познавање на англискиот јазик. На огласот се јавија: Македонец, Србин и Албанка. Само Албанката го познава англискиот јазик.

**Кој треба да биде примен?**

А. Македонецот

Б. Србинот

(В) Албанката

Г. некој друг

**Зошто мислиш така?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Само Албанката го познава англискиот јазик.*

## ДОВОЛЕН СТАНДАРД

### • Семејство

**Пример 1:**

- *Умее да опише и објасни соодветно однесување на родителите во ситуации кога децата прекршиле некое семејно правило.*

Зоран по часовите отишол кај своето другарче без да се јави дома и останал таму повеќе часови. Тој го прекршил семејното правило. Неговата мајка била многу загрижена. Поради оваа случка таа го казнила.

**Дали мајката постапила правилно? Зошто мислиш така?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Да, треба да научи да биде одговорен.*
*Да, го прекршил семејното правило.*

**Пример 2:**

- *Препознава ситуација во семејството во кои е потребна соработка меѓу децата и умее да изнејде соодветен начин на однесување*

Лиле и Сања се сестри.

**Напиши што Сања треба да каже во оваа ситуација.**



## • Училиште

**Пример 1:**

- *Умее да објасни зошто треба да се почитуваат обврските што ги дава наставникот во врска со учењето.*

Наставничката им рекла на учениците наредните денови да вежбаат задачи по математика затоа што наскоро ќе прават тест.

**Зошто учениците треба да го исполнат барањето на наставничката?**

А. наставничката така рекла
(Б.) да ги научат задачите подобро
В. да видат родителите дека се вредни

**Пример 2:**

- *Умее од основните права во училиштето да извлече соодветни одговорности.*

Сите деца имаат право да одат на училиште и да се образоваат. И ти го имаш тоа право. Но, имаш и одговорности од тоа право.

**Напиши една своја одговорност во врска со правото да одиш на училиште.**

➢ ***Одговор:***
*Пр. Да учам.*

## • Локална заедница

**Пример 1:**

*- Идентификува ситуации во кои е потребна соработка меѓу луѓето во локалната заедница, понекогаш и во ситуации каде што може да биде и нарушена приватноста.*

Дарко бил со мајка му на пазар. Имало многу луѓе и Дарко се изгубил. Тој почнал да плаче. Му пришла една тетка и откако дознала што се случило, почнала да го прашува кои му се родители и каде живее.

**Што треба да направи Дарко?**

*Дарко треба:*

А. да одговори затоа што тоа е културно

Б. да одговори за да може тетката да му помогне

В. да молчи затоа што не треба да разговара со непознати

Г. да молчи затоа што тетката не ги познава неговите родители

**Пример 2:**

*- Умее да објасни зошто се потребни правила во локалната заедница (правила за безбедност, за зачувување на животната средина и имотот во локалната заедница, правила во болници, амбуланти) и ги знае последиците од непочитувањето на овие правила.*

Во амбулантата постои правило:

**ПОЧИТУВАЈ ГО РЕДОТ ВО ЧЕКАЛНАТА**

**Зошто вработените во амбулантата го донеле ова правило?**

- ***Одговор:***

  *Пр.* *За секој навреме да биде прегледан.*

## • Држава

**Пример 1:**

- *Ги знае најважните државни празници (8 Септември и 2 Август) и причината зошто тие се прогласени за државни празници.*

Разгледај го внимателно календарот за месец август 2004 година.

| АВГУСТ 2004 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пон. | Втор. | Сред. | Чет. | Пет. | Саб. | Нед. |
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| 30 | 31 | | | | | |

Понеделник 2 август не е работен ден. **Зошто?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Затоа што е државен празник. На овој ден се слави создавањето на новата македонска држава.*

**Пример 2:**

- *Умее да препознае непочитување на правила и прописи од страна на носителите на функции на власт во државата и разбира зошто тоа не е дозволено.*

Еден од пратениците во Собранието на Република Македо–нија ја пречекорил дозволената брзина на возење. Полицаецот сакал да го казни, но тој му објаснил дека е пратеник и дека брза на многу важна седница.

**Што треба да направи полицаецот?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Да го казни.*

**Зошто мислиш така?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Законите важат за сите.*

## ВИСОК СТАНДАРД

## • Семејство

**Пример 1:**

- *Умее да состави правило сврзано со однесување на децата во семејството.*

Во семејството Илиеви трите деца одат на спиење кога сакаат. Често легнуваат доцна. Родителите мислат дека тоа не е добро.

**Напиши едно правило со кое ќе се реши проблемот.**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Во ----- часот децата да одат на спиење.*

**Пример 2:**

- *Умее да предложи соодветно праведно однесување на родителите кон децата (во ситуации кога тие различно се однесуваат кон исполнување на своите одговорности).*

Бети и Ѓоко требаше да ја напишат својата домашна задача. Бети навреме ја заврши, а Ѓоко сè уште пишуваше. Кога нивните другарчиња ги викнаа да излезат надвор, нивната мајка и на двајцата им го забрани тоа.

**Како требало мајката да постапи за да биде праведна кон двете деца?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Бети да излезе, а Ѓоко не.*

**Пример 3:**

- *Умее да објасни ситуации во кои се ограничува правото на приватност на децата во семејството за да се приберат докази.*

Марко ја обвини сестра му дека му ги зела парите кои ги собирал за да купи топка. Мајката долго ја испрашуваше ќерката. Ја замоли да ѝ ја даде училишната торба. Ја отвори и пребаруваше во неа. Пребаруваше и во фиоките со книги.

**Зошто мајката така постапила?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Да открие дали Марко со право ја обвинил сестрата.*

## • Училиште

**Пример 1:**

- *Умее да објасни ситуации на неисполнување на преземени одговорности од страна на учениците во училиштето и знае кои се цените од таквото однесување.*

Тоше е задолжен за разгласот во училиштето. По повод патрониот празник на училиштето учениците подготвија приредба. Сите беа на своите места и веќе 15 минути нервозно го чекаа Тоше.

**Која е причината за нервозното однесување кај присутните?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Што залудно дошле навреме.*

**Што ќе се случи ако Тоше воопшто не дојде?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Приредбата да не биде добра, затоа што ќе нема разглас.*

**Пример 2:**

- *Умее да објасни причини заради кои се донесени одделни правила што важат во училиштето.*

Во училиштето сите ученици знаат дека по часот по општес–тво картата веднаш мора да се врати во кабинетот.

**Напиши две причини поради кои е потребно ова правило.**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* 1. *Сите да можат да ја користат.*

2. *За подобро да се чува.*

**Пример 3:**

- *Препознава битни критериуми за праведна распределба на нештата во училиштето (според способности, потреби, интереси и заслуги).*

Наставничката треба да одбере ученик што ќе биде најаву–вач на точките на училишната приредба.

**Наставничката при изборот треба да внимава на тоа:**

А. да е мирен и вреден ученик

Б. да е одличен ученик

В. кој сака да биде најавувач

Г. да умее убаво да чита

## • Локална заедница

**Пример 1:**

*- Идентификува ситуации во кои соработката меѓу луѓето е потребна заради унапредување на локалната заедница.*

Во соседството има мал неуреден парк. Луѓето што живеат таму сакаат паркот да се уреди.

**Што од следново е најдобро да направат?**

А. да бараат од општината да го уреди паркот

(Б) да се договорат како да го уредат паркот

В. секој што сака, сам да уреди дел од паркот

**Пример 2:**

*- Препознава проблеми кои потекнуваат од секојдневното живеење на луѓето во локалната заедница и анализира и проценува одлуки за праведно решавање на проблемот.*

Сосетката влезе лута во дворот на Петроски. Почна да вика:

– Каде се дечиштата? Невоспитани едни. Трчале по топката и ми ги изгазиле цвеќињата.

– Децата веќе два дена се кај баба им на село – смирено рече таткото.

Сосетката поцрвене и остана без збор.

**Зошто сосетката не рекла повеќе ништо?**

➢ ***Одговор:***

*Пр.* *Затоа што не проверила пред да ги обвини децата.*

## • Држава

**Пример 1:**

*- Знае од кои права произлегуваат обврските за децата.*

Од некои права произлегуваат обврски.

**Од кое од наведените права произлегува обврска за децата?**

А. право на здравствена заштита

Б. право на игра

(В.) право на образование

Г. право на слобода

**Пример 2:**

*- Ја знае основната функција на Собранието на Република Македонија.*

**Која од следниве задачи е работа на Собранието на Република Македонија?**

А. да го избира претседателот на државата

(Б.) да донесува закони

В. да обезбедува мир во државата

Г. да се грижи за спроведување на законите

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ**
ул. „Руѓер Бошковиќ“, б.б., Скопје

❖ ❖ ❖

За издавачот:
**Ќамил Џеладини**, директор на БРО

❖ ❖ ❖

М–р Горица Мицковска, Бојана Нацева,
Голубина Ѓеорѓиевска, Лилјана Ѓорѓиоска

**ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА**
**СТАНДАРДИ НА ПОСТИГАЊА**
**ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

❖ ❖ ❖

Лектура:
**Сузана Стојковска**

❖ ❖ ❖

Графичко и техничко уредување:
**Билјана Михајловска**

❖ ❖ ❖

Тираж:
**1500 примероци**

❖ ❖ ❖

Печати:
**„Винсент графика“**